РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1905/5
26.07.2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1905/ од 11.07.2024 година, против ------ и -----, службени лица во Министерството за --------, ---- – -------- (понатаму: Министерство за -------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Министерството за --------.

Предметот со бр. 12-1905/1 од 11.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 17.07.2024 година, поднесена е пријава против ----- и ------, службени лица во Министерството за финансии. Во пријавата подносителот наведува дека кога во просториите на ------- се обидел непосредно да го подигне управниот акт – Решение за одбивање на предлогот за огласување

на делумна ништовност од ------ година, од страна на раководителот ----- и советникот за првостепена управна постапка ----- му било укажано дека неможеле да му го издадат решението додека не се вратело лицето ------ коешто го користела правото на годишен одмор, со образложение дека тоа било негов предмет. Подносителот на пријавата, како незадоволна странка, побарал да даде изјава, а откако пријавените лица одбиле да направат записник, подносителот на пријавата повикал припадници на СВР ---- кои направиле записник за непостапување на службени лица. Непостапувањето на службените лица од Министерството за ------ на подносителот на пријавата му причинувало директна материјална штета, но и му се ускратувало правото на жалба којашто немал право да ја поднесе се додека од страна на Министерството за ----- не му се издаде/врачи управниот акт Решение за одбивање од ------ година.

*Според член 70 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) (понатаму: ЗАС), за повреда на службената должност административниот службеник, освен секретарот одговара дисциплински.*

*Според член 75 став 1 од ЗАС, дисциплинските мерки против административниот службеник за дисциплинска неуредност ги изрекува секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од седум дена од денот на добиениот писмен извештај од претпоставениот административен службеник.*

*Според став 2 од истиот член, по исклучок, доколку нема претпоставен административен службеник, писмениот извештај го поднесува раководен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар.*

*Според член 76 од ЗАС, секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува, секретар, со решение формира комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап (во натамошниот текст: дисциплинска комисија), во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот за покренување на дисциплинска постапка во кој задолжително се содржани причините за поведување на постапката.*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*Според став (15) од истиот член, по усвојување на дисциплинската мерка истата му се предлага на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, кој во рок од три дена е должен да донесе решение за изрекување на дисциплинска мерка.*
*Според член 77 став 1 од ЗАС, секој административен службеник и друго лице, во согласност со закон, има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против административен службеник која треба да биде образложена.*

Согласно пропишаното во горенаведните членови од ЗАС, институцијата надлежна за спроведување на дисциплинска постапка и изрекување на дисциплинска мерка на пријавените административни службеници е нивниот работодавач, во конкретниот случај Министерството за ------.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се достават до Министерството за ------.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р В.З, Виш соработник
Контролирал: м-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П, Раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот на пријавата